09-1844/1
28-04-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31 -та седница, одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со бр. 09-1418/1 од 27.06.2025 година, СЕ ЗАПИРА поради тоа што нема јасни наводи и укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1418/1 од 27.06.2025 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител, со наводи за можно постоење на судир на интереси во врска со ангажирани лица и партнери во проектот финансиран од ЕУ со назив: „------------- Северна Македонија“.
По извршен првичен увид, беше утврдено дека пријавата не содржи доволно конкретни податоци за наведените наводи, односно не е јасно наведено за кои конкретни лица станува збор, ниту се доставени релевантни податоци или докази што би овозможиле Државната комисија да продолжи со понатамошно постапување и до подносителот на пријавата достави барање за допрецизирање на наводите од пријавата во врска со проектот „------------- Северна Македонија“ финанисран од Европската Унија.
Подносителот ја информира Државната комисија дека во врска со наводите од пријавата за ангажирани лица и партнери во проектот за проектот финансиран од ЕУ

со назив: „------------ Северна Македонија“ има поднесено пријави со исти наводи до Министерството за внатрешни работи – Сектор за дигитална форензика и криминал и до Јавното обвинителство во период од 25.05.2023 година до 02.05.2025 година.

За да се утврди фактичката состојба, Државната комисија се обрати до Министерството за внатрешни работи – Сектор за дигитална форензика и криминал и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за цел проверка на наводите од пријавата која се однесува на сомнежи за можен судир на интереси, нетранспарентност во постапките за ангажирање на партнери и лица вклучени во рамките на проект бр. -------, MkSafeNet финансиран од Европската Унија, за кој надлежно е Министерството за дигитална трансформација, дали пред нив се води постапка во врска наведените наводи и доколку се води, да се достави информација за статусот или исходот од истата.

Министерството за внатрешни работи – Бирото за јавна безбедност, Секорот за компјутерски криминал ја извести Државната комисија дека подносителот на пријавата до нив првично има поднесено пријава по електронски пат на 13.08.2024 година за кривично дело по член 175 став 2 од Кривичниот законик на РСМ - „ Повреда на авторско право и сродни права“ но во истата пријава не постоеле елементи на кривичното дело од областа на компјутерскиот криминал. Од страна на ОЈО Скопје до МВР добиена е наредба со број РО бр. IX РО бр. 1226/24 од 29.08.2024 година во врска со наведената пријава бидејќи пријавителот случајот истовремено го пријавил и во ОЈО Скопје. По наредбата од ОЈО Скопје, МВР има одговорено дека настанот нема елементи на кривично дело од областа на компјутерски криминал, но преземени се мерки во врска со истата со цел навремено и ефикасно постапување, односно на 25.10.2024 година во просториите на Секторот за компјутерски криминал е повикан пријавителот за да даде појаснување во врска со пријавата. Во објавениот разговор појаснето од пријавителот е дека како извршен директор на ---------- Македонија му е ускратено правото, кој требало да биде и единствен од таков карактер по негово кажувано да добие можност да искористи средства од европските фондови но од самото основање до 2023 година, тендерот за фондовите бил даден на друго правно лице. Во однос на горенаведеното на пријавителот му е појаснето дека од поднесената пријава нема елементи на кривично дело од областа на компјутерскиот криминал по кои би можеле МВР да постапи но во врска со наредбата од ОЈО Скопје укажано било дека пријавата која ќе биде проследена до нив ќе биде доставена до ОЈО Скопје за понатамошна постапка.

28-04-2026

Од страна на Јавното обвинителство на РСМ со писмен допис ја известија Државната комисија дека до нив од страна на пријавителот доставена е пријава по електронски пат со истите наводи со пријавата што е доставена до МВР. Од страна на МВР, БЈБ Секторот за компјутерски криминал било доставено известување бр. 23.14-127748/1 од 11.11.2024 година со кое го информираат ОЈО дека било постапено по наредбата нивна. Од страна на ОЈО Скопје е донесена одлука XI РО бр. 1226/24 од 04.12.2024 година дека ОЈО Скопје нема да преземе кривично гонење бидејќи не постои основано сомнение за сторено кривично дело кое се гони по службена должност.

По разгледување на пријавата, Државната комисија констатира дека наводите во истата не укажуваат на постоење на состојба која е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и истата нема јасни наводи и укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавните овластувања и службената должност.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: м-р S.D. -член/anëtar